# ВОВЕД

Електронското работење во себе содржи повеќе различни поими од аспект на електронското извршување на определени дејствија и задачи. Под тоа, пак, се подразбира: е-трговија , е-набавки , е-маркетинг , е-банкарство итн. Со самиот развој на современата технологија сите облици на работење пронајдоа свое место на интернет. Оттука, електронското банкарство претставува современ начин за извршување на банкарските работи со употреба на современи технолошки решенија, користење на глобалната компјутерска мрежа, односно интернетот и веб сервисите. Во овој истражувачки труд се дава научен опис на електронското банкарство, неговите функции , состојби, ефекти и перспективи од неговата имплементација, а со цел да се укаже на потребата , корисноста и неизбежноста од користењето на современите електронски начини на работење.

Општествената цел на овој труд е да го покаже обемот на електронското банкарство во однос на класичното, на светско ниво, како и неговиот развој на пазарот на банкарски услуги во Република Македонија. Од тој аспект, низ компаративна анализа на повеќе сегменти на пазарот и анализа на пазарите во земјите од нашето опкружување и пошироко, има за цел да се укаже како може да се намали негативното влијание и несигурноста од користење на ваквиот тип на услуги. Електронското банкарство во однос на класичното претстваува современ начин на извршување на банкарските операции и е присутно во сите светски економии. Имено, тоа има огромен број предности , но и свои недостатоци особено во делот на безбедноста на современите комуникациски канали. Електронското банкарство во Република Македонија е во фаза на динамичен развој , но сепак сé уште не е доволно развиено.За да се достигне развојот на светско ниво е потребно да се применат различни законски и регулаторни мерки.

Електронското банкарство, во секој случај, го унапредува деловното работење на банките, работењето на нивните деловни клиенти и нуди придобивки за индивидуалните клиенти. Електронското банкарство доведе до забрзување на промените во општеството. Така, сé поголем број правни субјекти и физички лица пројавуваат желба да управуваат со своите сметки по електронски пат, затоа што сами согледуваат дека ваквиот начин на работа им го намалува потрошеното време за чекање во банките , им ги намалува трошоците и им го подобрува вкупниот амбиент во деловното работење.

Електронското банкарство е прифатено на глобално ниво и е со тенденциија да расте уште повеќе . Доказ за тоа е фактот што во САД во 2018 година 51% од полнолетното население ги користело овој тип услуги. Бројката речиси е иста и во земјите - членки на Европската унија, така што од 2007 година корисници на електронското банкарство биле 25%, а за десет години процентот е дуплиран и во моментов изнесува околу 52% полнолетни корисници на услугите од електронското банкарство. Исто така, електронското банкарство е сé поприфатено и заради сé побрзиот начин на живеење и работење. Имено,со различни технологии брзо можат да се проверат состојбите на сметките, да се направат трансфери на средства , а сето тоа да ги чини клиентите многу помалку потрошени средства и време. Без никакви потешкотии средствата, со коишто располагаат клиентите, можат да се користат насекаде во светот, а сето тоа е овозможено со употреба на современата технологија во банкарството.

Воведувањето на електронското банкарство во Република Македонија во почеток беше еден вид услов за поврзување со светските текови, но подоцна се покажа како огромна потреба. До овој момент може слободно да се констатира дека електронското банкарство во Република Македонија има голем замав и сé повеќе се креираат барања за негово користење.

### *1.1. Цели на истражувањето*

Покрај општествените цели на овој труд во него ќе се истражуваат состојбите, перспективите и придобивките од имплементацијата на електронското банкарство кај нас. Во Република Македонија електронското банкарство е релативно нова дисциплина, т.е. нов облик на работење. Сепак, во последниве години, тоа се движи со брз раст. Цел на истражувањето во овој труд е и примената на маркетингот во електронското банкарство во Република Македонија, технолошките решенија и можности за користење на услугите од него, како и понудата на услуги од страна на деловните банки во делот на ова банкарство. Натаму, цел на истражувањето ќе биде и изработка на компаративна анализа на понудата на елктронско банкарство од страна на деловните банки во македонската држава, од каде што ќе може да се согледаат и перспективите на електронското банкарство во Република Македонија.

За реализација на главните цели, како предмет на истражување, пак, се поставува и поврзаноста на проблематиката за добивање одговори на следниве неколку истражувачки прашања, и тоа:

-кои се потребите на клиентите и дали со користењето на електронското банкарство може да се замени класичното банкарско работење;

-која и каква е улогата на банките и финансиските инстиуции во развојот на електронското банкарство;

-кои услуги и какви производи нуди електронското банкарство во смисла на негов реален развој ;

-каква стратегија користат банките и финансиските институции при правењето на плановите за воведување електронско банкарство и кои се целите што треба да се постигнат;

-кои се досегашните сознанија за постигнатите ефекти од имплементацијата на електронското банкарство на глобално ниво во споредба со неговата употреба во Република Македонија;

-кои и од кој обем се можностите за примена на маркетингот во електронското банкарство, главно, од аспект на сите атрибути на маркетингот во услужните дејности;

-какви се технолошките решенија и нивните можности за користење на услугите од електронското банкарство и кои од нив се најкористени во Република Македонија;

-какви се состојбите на електронското банкарство во Република Македонија и кои се сознанијата за банките што ја нудат ваквата услуга кај нас;

-кои се перспективите и од колкав обем тие се во насока на што поголем развој на електронското банкарство во Република Македонија, во споредба со достигнувањата на глобално ниво?